Х. Е. Р. А.
асоцијација за здравствена едукација и истражување

РОМА S.O.S.
РОМСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА МУЛТИКУЛТУРНА АФИРМАЦИЈА

# АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЗДРАВЈЕТО НА РОМИТЕ ОД ОПШТИНА БИТОЛА ЗА ПЕРИОДОТ 2012 – 2015 ГОДИНА

***Октомври 2011***

**ВОВЕД**

Декада за вклучување на Ромите претставува акција превземена од државите во Југо-Источна Европа, меѓу кои и Македонија, со цел да се вклучат Ромите во општеството и да се обезбеди еднаквост со другите жители на државата. Декадата официјално е потпишана од Владата на Република Македонија во Јануари 2005 при што се обврза во период од 10 години, односно до 2015 година, да спроведува активности и програми насочени кон ромската популација, со цел да се дефинираат проблемите на Ромите и да се превземат мерки за нивно решавање. На овој начин е предвидено институциите да ги обезбедат потребните услови за остварување на правата на Ромите и подобрување на нивната состојба. Невладините организации во најголем дел се вклучени во самата акција играјќи ја улогата на посредник помеѓу Ромите и институциите. Светска Банка и Институт Отворено Општество се главните иницијатори и подржувачи на Декадата за вклучување на Ромите.

Во рамките на Декадата се креирани Акциони Планови за четири области – Здравство, Образование, Вработување и Домување. Според Акционите Планови е предвидено да се подобри образованието на ромските ученици и да се зголеми бројот на Роми средношколци и студенти, да се подобри здравствената состојба на населението, да се подобрат условите за живеење во ромските заедници и да се зголеми бројот на вработени Роми. Со сите овие активности се очекува да се намали сиромаштијата кај Ромите и да се искорени дискриминацијата од страна на другите етнички групи. За таа цел секоја Локална Самоуправа имаше за задача да креира Локални Акциони Планови согласно специфичните потребите на ромската заедница во секоја општина.

Локална Самоуправа – Битола во 2006 година усвои Стратегија за Ромите врз основа на која беа креирани Локални Акциони Планови за сите обалсти од Декадата. Временската рамка за имплементација на овие планови се однесуваше на периодот 2006 - 2010 година, со што се наметна потребата од нивно ревидирање за периодот 2011 – 2015 година.
Проектот "Унапредување на програмата Ромски Здравствен Медијатор" инициран од Асоцијација за здравствена едукација и истражување Х.Е.Р.А., а во имлементација на РОМА С.О.С. – Прилеп како регионален суб-грантиран соработник за општините Прилеп и Битола во периодот од Ноември 2010 до Ноември 2011, имаше за цел да креира Акциони Планови со кои ќе се дефинираат локални активности насочени кон подобрување на здравјето на ромската заедница во општините Прилеп и Битола врз основа на Програмата за Ромски Здравствени Медијатори на РМ усвоена во Мај 2011 година од страна на Министерство за здравство.

Во општина Битола имајќи го во предвид фактот што Акциониот План за Здравјето на Ромите во општина Битола имаше потреба од ревидирање, на 5 и 6 Октомври 2011 година се одржа семинар на кој што беа разгледани активностите од постоечкиот план и усогласени со тековните приоритетни потреби и проблеми на ромската заедница, во согласност со Програмата за РЗМ.

Во процесот на ревидирање и разгледување на Акциониот План учествуваа следните институции/организации:

1. Фонд за здравствено осигурување – ПС Битола,
2. Ј.З.У. Здравствен дом – Битола,
3. Ј.З.У. Центар за јавно здравје – Битола,
4. Ј.З.У. Клиничка болница д-р Трифун Пановкси – Битола,
5. Центар за вработување – Битола,
6. Ј.У.М. Центар за социјални работи – Битола
7. Локална Самоуправа – Битола
8. Ц.Р.Р.З. Баирска Светлина – Битола
9. Здружение “Биосфера - Битола

Со усвојувањето на Акциониот План за Здравјето на Ромите од општина Битола од страна на Совет на општина Битола ќе се креираат можности за преземање конкретни активности со директна поддршка од Локална Самоуправа – Битола наменети кон подобрување на здравствената состојба на ромската заедница од општина Битола.

Паралелно, со усвојувањето на Акциониот План, Локална Самоуправа – Битола ќе ја превземе обврската за имплементација на локална јавна политика врз основа на која ќе се алоцираат финансиски средства за имплементација на активностите од истиот и ќе се воспостави координација помеѓу локалните институции при остварување на главната цел на овој план.

*Долгорочна цел:* **Да се подобри здравствената состојба на ромската заедница во општина Битола**

| **Стратешка цел 1:** | **Унапредувањето на здравјето на ромското население преку вклучување на ромски здравствени медијатори** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Краткорочни цели** | **Активности** | **Индикатор** | **Одговорна институција/ организација** | **Партнери** | **Очекувани резултати** | **Мониторинг** | **Буџет** |
| Да се олесни пристапот на Ромите до здравствените услуги | Информирање на ромската заедница преку делење на флаери и брошури подготвени од Министерство за здравство и здравствените установи<br><br>Информирање на Ромите и јавноста преку соопштенија на ТВ и радио за новитетите во здравствената заштита и здравственото осигурување | - Број на поделени флаери и брошури<br><br>- Број на медиумски презентации<br><br>- Број на организирани средби<br><br>- Број на откриени лица без документи<br><br>- Број на вклучени Роми во здравствениот систем<br><br>- Број на вклучени Роми во бесплатните програми на Министерство за здравство<br><br>- Број на извршени | - Министерство за здравство<br><br>- Локални здравствени установи<br><br>- Локални Медиуми<br><br>- ЕЛС Битола<br><br>- РЗМ | НВОи | - подобрена информираност на ромското население за можностите и пристапот до здравствената заштита<br><br>- олеснет пристап до здравствени и социјални услуги | Надворешен консултант | 800.000 денари |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Воспоставувањ е соработка со локални институции и установи како засегнати страни, преку организирање на средби<br><br>Идентификува ње на лица без документи и нивно вклучување во здравствениот систем<br><br>Вклучување на Ромите во бесплатните програми на Министерство за здравство<br><br>Организирање на бесплатни гинеколошки прегледи , ПАП тестови, мамографии и | бесплатни прегледи | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ехо на дојка | | | | | | |
| Да се воспостави доверба помеѓу лекар-пациент | Дистрибуција на промотивен материјал за Законот за заштита на правата на пациентите<br><br>Организирање на работилници за здравствени работници за навиките, обичаите и традицијата на ромската заедница | - Број на дистрибуиран материјал<br><br>- Број на организирани и одржани работилници | - Локални здравствени установи<br><br>- РЗМ | НВОи | - зголемена доверба помеѓу институциите за здравствена и социјална заштита и ромското население<br><br>- сензибилизирани здравствени институции за спецификите и потребите на ромското население во делот на здравството | Надворешен консултант | 500.000 денари |
| Да се воспостават навики за грижа на сопственото здравје и здравјето на другите | Организирање Акции за имунизација за нередовно вакцинирани и дома родени деца | - Број на организирани Акции<br><br>- Број на имунизирани деца<br><br>- Број на посетени ромски семејства | - Ј.З.У. Здравствен Дом – Битола<br><br>- РЗМ | НВОи | - подигната свест кај ромското население во РМ да води грижа за сопственото и здравјето на своите најблиски; | Надворешен консултант | 300.000 денари |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Организирање на домашни посети со патронажна служба за новородени деца | | | | | | |
| Да се обезбеди транспарентно и јавно пренесување на постигнатите резултати на РЗМ | Пишување на периодични извештаи и организирање на средби за нивно презентирање | - Број на напишани извештаи<br><br>- Број на средби | РЗМ | | - обезбедени јавни сознанија за работата на РЗМ | Надворешен консултант | 150.000 денари |
| **Стратешка цел 2:** | | **Подобрување на степенот на здравствена едукација кај ромското население преку воведување на превентивни и едукативни програми** | | | | | |
| **Краткорочни цели** | **Активности** | **Индикатор** | **Одговорна институција/ организација** | **Партнери** | **Очекувани резултати** | **Мониторинг** | **Буџет** |
| Да се подобри степенот на едукација помеѓу родителите за процесот на | Ажурирање на населението кое подлежи на имунизација<br><br>Информирање за местото и | - Број на опфатени деца со имунизација<br><br>- Број на одржани предавања | - Ј.З.У. Центар за јавно здравје – Битола<br><br>- Ј.З.У. Здравствен Дом – Битола | НВОи | - зголемен процент на имунизирани ромски деца | Надворешен консултант | 200.000 денари |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| имунизација | терминот за имунизација<br><br>Организирање на предавања за значењето на имунизацијата | | - РЗМ | | | | |
| Да се подобри степенот на едукација помеѓу женската популација за рано откривање на малигни заболувања | Организирање на предавања за опасноста и превенцијата од малигни заболувања<br>*мамографија, ехо<br>*ПАП тест<br>*рентген на бели дробови<br>*микро крварења во фецес | Број на опфатени Роми со предавањата | - Ј.З.У. Центар за јавно здравје – Битола<br><br>- Клиничка Болница – Битола<br><br>- матични лекари<br><br>- РЗМ | НВОи | - Намален број на заболени од малигни заболувања | Надворешен консултант | 500.000 денари |
| Да се подобри степенот на едукација помеѓу младите за заболувањата од социјално-медицинско | Организирање на предавања за штетните последици од алкохолизмот, пушењето, наркоманијата и проституцијата | Број на опфатени и регистрирани лица со активностите | - Ј.З.У Здравствен Дом-Битола<br><br>- Ј.З.У. Центар за јавно здравје – Битола<br><br>- Центар за социјални | НВОи | - Зголемен степен на информираност кај младите Роми за штетните последици од зависностите | Надворешен консултант | 500.000 денари |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| значење | Промовирање на бесплатната детекција на droги во урината<br><br>Ажурирање на листите на регистрирани лица алкохоличари и корисници на дроги | | работи<br><br>- Основни училишта<br><br>- Клиничка Болница – Битола<br><br>- Клуб на зависници<br><br>- РЗМ | | | | |
| Да се подобри степенот на едукација помеѓу женската популација за репродуктивното здравје и контрацепцијата | Организирање на предавања, трибини и работилници | Број на организирани предавања, работилници и трибини | - Ј.З.У. Центар за јавно здравје – Битола<br><br>- Клиничка Болница – Битола<br><br>- РЗМ | НВОи | - Намален број на заболени од СПБ, ХИВ, кламидија, Хепатит Ц и абортуси | Надворешен консултант | 300.000 денари |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да се поддржи отворањето на Здравствено Советувалиште во населбата Баир | Формирање на стручен тим (здравствени работници и РЗМ) за креирање на програма за работа | | - ЕЛС – Битола<br><br>- Локални институции/установи | НВОи | - Достапен Центар во ромската заедница за спроведување на здравствени активности<br><br>- подобрена информираност и стимулација на ромската заедница за проактивен однос кон правата и обврските во контекст на постојните механизми за социјална и здравствена заштита | Надворешен консултант | 600.000 денари |

| **Стратешка цел 3:** | **Остварување на правата од социјална и здравствена заштита преку нудење на правна помош** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Краткорочни цели** | **Активности** | **Индикатор** | **Одговорна институција/ организација** | **Партнери** | **Очекувани резултати** | **Мониторинг** | **Буџет** |
| Да се асистира при добивање на | Склучување соработка помеѓу | - Потпишан Меморандум за | - Министерство за правда | НВОи | - Намален број на | Надворешен консултант | 800.000 денари |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| лична документациј а | локални институции, МВР и РЗМ<br><br>Детектирање на лица без документи<br><br>Формирање на база на податоци за евидентирани лица без документи<br><br>Обезбедување на финансиски средства за вадење на лична документација<br><br>Ангажирање на правник за нудење на помош | соработка помеѓу сите страни<br><br>- Број на детектирани лица без документација<br><br>- Број лица на кои им е обезбедена документација | - Министерство за внатрешни работи<br><br>- Локални институции<br><br>- ЕЛС<br><br>- РЗМ | | лица кои не се во можност да остварат права од социјална и здравствена заштита<br><br>- достапна стручна помош при остварување на правата од социјална и здравствена едукација | | |
| Да се подобри степенот на едукација за правата од социјална и здравствена заштита | Организирање на едукативни работилници<br><br>Дистрибуирање на материјали за промоција на законската | - Број на одржани работилници<br><br>- Број на дистрибуиран материјал<br><br>- Број на едуцирано | - Центар за социјални работи – Битола<br><br>- Центар за вработ8ување – Битола<br><br>- Фонд за | НВОи | - Подигнат степен на едукација и информираност за правата од социјална и здравствена заштита | Надворешен консултант | 300.000 денари |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | регулатива | население | здравствено осигурување – Битола<br><br>- ЕЛС – Битола<br><br>- РЗМ | | | | |
| | Организирање на едукативни работилници за службениците во институциите | | | | | | |
| **Стратешка цел 4:** | | **Подобрување на условите за живот во населба Баир преку подобрување на комуналната инфраструктура и животната средина** | | | | | |
| **Краткорочни цели** | **Активности** | **Индикатор** | **Одговорна институција/ организација** | **Партнери** | **Очекувани резултати** | **Мониторинг** | **Буџет** |
| Да се подобри комуналната инфраструктур а | Асфалтирање на улици согласно Програмата на општина Битола | - од 700 до 900 метри асфалтирани улици | ЕЛС - Битола | НВОи | - Подобрена патна инфраструктура<br><br>- Подобрено водоснабдување и квалитет на вода за пиење<br><br>- Подобрена канализациона мрежа<br><br>- Подобар квалитет на живот | Надворешен консултант | 6 милиони денари |
| | Менување на застарена и дотраена водоводна инсталација | - 300-500 метри водоводна инсталација | | | | | |
| | Менување на оштетени канализациони цевки | - 300-500 метри канализациони цевки | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Чистење на одводниот канал и негово покривање | - Број на метри со исчистен и покриен канал | | | | | |
| Да се унапреди животната средина | Чистење на диви депонии и нивно рекултивирање | - Број на реализирани акции<br><br>- Број на вклучени млади во Акциите за чистење<br><br>- Број на реализирани обуки | - ЕЛС – Битола<br><br>- ЈКП Водовод и канализација Битола<br><br>- ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола<br><br>- Против пожарна служба Битола | НВОи | - Почиста животна средина<br><br>- Едуцирани млади Роми и вклучени во еколошки акции<br><br>- Подигната информираност за заштитата од пожари | Општинска инспекција | 1 милион и 700 илјади денари |
| | Организирање на едукативни работилници за правилен третман на отпадот и влијанието врз здравјето на населението | | | | | | |
| | Организирање на обуки за потребата од заштита при пожари | | | | | | |